**ДП. бр. 369**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нуман Лимани од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Биљана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-238 од 12.06.2013 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител Љ.Д од С лично, по одржан претрес на ден 12.11.2013 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител Љ.Д именувана за подрачјето на Основниот суд во С и Основниот суд во Р со адреса на ул. бр.5 во С

ЗАТОА ШТО:

1) При спроведување на извршувањето по извршниот предмет И.бр.141/12, извршителот и покрај тоа што на ден 26.06.2012 година донел Заклучок за запирање на извршување И.бр.141/12 (врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување) поради повлекување на барањето на извршувањето од страна на доверителот, Барањето за застанување со извршување (врз основа на член 205 од Законот за извршување) И.бр.141/12 од 16.08.2012 година го доставил до банката кај која должникот имал трансакциска сметка и до која банка бил и доставен Налогот за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.141/12 од 27.04.2012 година дури на 24.08.2012 година ;

2) При спроведување на извршувањето по извршниот предмет И.бр.174/12, извршителот и покрај тоа што на ден 26.06.2012 година донел Заклучок за запирање на извршувањето по извршниот предмет И.бр.174/12 (врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување) поради повлекување на барањето на извршувањето од страна на доверителот, Барањето за застанување со извршување (врз основа на член 205 од Законот за извршување) И.бр.174/12 од 16.08.2012 година го доставил до банката кај која должникот имал трансакциска сметка и до која банка бил и доставен Налогот за извршување од сметка на должник И.бр.174/12 од 16.03.2012 година дури на 27.08.2012 година;

3) При спроведување на извршувањето по извршниот предмет И.бр.243/12, извршителот и покрај тоа што на ден 26.06.2012 година донел Заклучок за запирање на извршувањето по извршниот предмет И.бр.243/12 (врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување) поради повлекување на барањето на извршувањето од страна на доверителот, Барањето за застанување со извршување (врз основа на член 205 од Законот за извршување) И.бр.243/12 од 16.08.2012 година го доставил до банката кај која должникот имал трансакциска сметка и до која банка бил и доставен Налогот за

извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.243/12 од 12.04.2012 година дури на 27.08.2012 година.

**со кои дејствија** извршителот Љ.Д постапувајќи по предметите И.бр. 141/12, И.бр.174/12 и И.бр.243/12 постапил спротивно на член 28 од Законот за извршување, со што сторил дисциплинска повреда „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ од член 54 —д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување опишани во точка 1, точка 2 и точка 3,

па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 1500 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот Љ.Д од С утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-238 од 12.06.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот Љ.Д врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-238 од 15.04.2013 година со увид во извршните предмети И.бр.141/12, И.бр.174/12 и И.бр.243/12 во канцеларијата на извршителот. Предлогот е поднесен со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметите И.бр.141/12, И.бр.174/12 и И.бр.243/12 по повлекување на барањата за извршување од доверителот, извршителот барањата за застанување со извршување по чл. 205 од ЗИ ги доставувал до носителот на платен промет многу подоцна со што предлагачот смета дека извршителот постапил спротивно на член 28 од Законот за извршување.

Врз основа на наведеното, предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплински повреди по член од член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување, и предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и на извршителот да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот Љ.Д од С во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 27.06.2013 година наведе дека при превземањето на извршните дејствија во конкретните предмети не е сторена повреда на чл.54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ, од причини што сите превземени дејствија биле во согласност со чл.28 од Законот за извршување, што значи не се превземени дејствија кои не се предвидени или се спротивни на чл.28 од ЗИ бидејќи и самиот подносител на барањето за поведување на

дисциплинска постапка во предлогот не наведува кои дејствија се превземени а не се предвидени или се спротивни на овој закон, туку во предлогот биле констатирани дејствијата кои што се превземени од страна на извршителот а кои во целост биле во согласност со Законот за извршување односно дека предлогот треба да содржи факти и докази од кои би се утврдило постоење на дисциплинска повреда. Извршителот во одговор се повика и на околноста дека од страна на доверителот за истите предмети и по истите основи била поднесена преставка до Комората на извршители и Претседателот на КИРМ разгледувајќи ги наводите во пријавата на доверителот на ден 12.11.2012 година донел Решение со кое констатира дека против Љ.Д како извршител не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка за нејзино постапување по предметите И.бр. 141/2012, И.бр. 174/2012 и И.бр.243/2012, па бидејќи преставката на доверителот била поднесена до Комората на извршители на ден 20.09.2012 година а до Министерството за правда на ден 27.09.2012 година и е со иста содржина и со исти наводи предлага Дисциплинската Комисија на КИРМ да не поведува постапка бидејќи не биле сторени неправилности предвидени во чл. 54-д ст.1 алинеја 5 од ЗИ, а во врска со чл. 28 од Законот за извршување .

Извршителот во своја одбрана наведе дека во однос на физичкото лице – должник издал налог по чл 86 од ЗИ а правниот субјект-должник извршил блокада на сметка. Налозите не биле спроведени и не бил наплатен долгот. Од страна на доверителите само за еден од предметите за кои е поведена постапка од страна на доверителот биле авансирани стредства на име цена за администрирање, изготвување налог, достава, на барање до КИБС, која фактура била платена за преземените дејствија во износ во кој е издадена. Извршителот истакна дека од страна на должниците немало приговори против извршителот а од страна на доверителот било приговарано а кој приговор судот го отфрлил како беспредметен. Причината поради која извршителот и покрај донесениот заклучок врз основа на чл 28 од ЗИ во 6-ти месец не го доставил до банка било поради годишните одмори во тој период кои како за адвокатите така и за извршителот важеле а од друга страна немало рок во законот во кој треба да се донесе одреден акт од страна на извршителот ниту рок во кој треба да се достави актот до носител на платен промет.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 12.11.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП бр.09-258 од 15.04.2013 година од Министерство за правда
2. Барање за извршување од доверител Л КДООЕЛ преку пол.адвокат М.А од 15.03.2012 година
3. Решение УПДР бр.139/12 од 21.02.2012 година од Нотар Ј.М
4. Налог за извршување и.бр.174/2012 од член 202 став 1 од ЗИ од 16.03.2012 година од Извршител Љ.Д
5. Налог за извршување И.бр.174/2012 од член 86 став 1 од ЗИ од Извршител Љ.Д
6. Поднесок од доверител Л КДООЕЛ преку пол.адвокат М.А И. бр.174/12 од 26.06.2012 година
7. Заклучок И.бр.174/2012 од член 28 став 2 од ЗИ од Извршител Љ.Дод ден 26.06.2012 година
8. Службена белешка од ден 16.08.2012 година на извршител Љ.Д

9. Доставница на заклучок за запирање И.бр.174/2012 до Адвокат А.М од 17.08.2012 година
10. Приговор од доверител за неправилности при извршување од страна на извршител Љ.ДППНИ бр.82/12 од 21.08.2012 година
11. Решение ППНИ бр.82/12 од ден 27.08.2012 година од Претседател на основен суд С
12. Одговор на приговор И.бр.174/2012 од ден 24.08.2012 година од извршител Љ.Д
13. Барање од член 205 став 1 од ЗИ И.бр.174/2012 од ден 16.08.2012 година од Извршител Љ.Д
14. Преглед на даночен обврзик од Управа за јавни приходи.
15. Полномошно за адвокат А.М од доверител Л КДООЕЛ
16. Доставнца на заклучок за запирање И.бр.174/12 до адвокат А.М од ден 09.08.2012 година(не е извршена достава)
17. Доставнца на заклучок за запирање до адвокат А.М И.бр.174/12 од ден 04.07.2012 година (не е извршена достава)
18. Повратница од барање за извршување И.бр.174/2012 од 21.03.2012 година до Прокредит банка
19. Повратница од Налог И.бр.174/2012 од 24.03.2012 година до ДЗПТ Ј П
20. Повратница од Налог И.бр.174/2012 од 12.06.2012 година ДЗПТ Ј П
21. Доставница Налог И.бр.174/2012 до доверител од ден 21.03.2012 година
22. Доставница Налог И.бр.174/2012 до полномошник на доверител од ден 13.06.2012 година
23. Повратница на заклучок И.бр.174/2012 од ден23.08.2012 година до ДЗПТ Ј П
24. Доставница на Заклучок за запирање до полномошник Адвокат И.бр 174/2012 од ден 17.08.2012 година
25. Доставница на барање до полномошник Адвокат И.бр 174/2012 од ден 29.08.2012 година
26. Поднесок и.бр 174/12 од адвокат А.М од 25.05.2012 година
27. Заклучок за запирање на извршување у.бр.174/2012 од 26.06.2012 година од извршител Љ.Д
28. Повратница од барање И. Бр. 174/2012 од 27.08.2012 година до про кредит банка
29. Барање за извршување од доверител Л Кдооел преку полномошник адвокат К.Б од 12.04.2012 година
30. Записник Пл.ТС-1-114/11 од ден 01.12.2011 година
31. Налог од член 137 став 1 и став 2 од ЗИ, И.бр.243/2012 од ден 27.04.2012 година од Извршител Љ.Д.
32. Поднесок И.бр. 243/12 од полномошник адвокат К.Б
33. Заклучок од член 28 став 2 од ЗИ, И.бр 243/2012 од ден 26.06.2012 година од извршител Љ.Д
34. Службена белешка од извршител Љ.Д
35. Доставница на заклучок И.бр 243/2012 до адвокат К.Б на ден 17.08.2012 година
36. Барање од член 205 став 1 од ЗИ, И.бр.243/2012 од ден 16.08.2012 година на извршител Љ.Д
37. Повратница Барање, И.бр.243/2012 од ден 27.08.2012 година до Прокредит Банка
38. Решение ППНИ.бр.80/12 од ден 27.08.2012 година од Претседателот на основниот суд во С

39. Записник Пл.ТС-1-114/11 на 01.12.2011 година од Основен суд С
40. Барање за извршување од Л КДООЕЛ преку пол.адвокат К.Бна 01.03.2012 година
41. Решение за порамнување
42. Налог за извршување од член 86 став 1 од ЗИ и.бр.141/2012 од ден 01.03.2012 година од извршител Љ.Д
43. Барање од член 41 став 1 од ЗИ на ден 26.04.2012 година и. Бр,141/2012 од извршител Љ.Д
44. Известување, извештај бр.107/489 од 26.04.2012 година од КИБС
45. Налог од член 137 став и и став 2 од ЗИ од ден 27.04.2012 година И.бр.414/2012 од Извршител Љ.Д
46. Поднесок од доверител на 26.09.2015 Година И.бр, 141/12,
47. Заклучок од член 28 став 2 од ЗИ од ден 26.06.2014 година од извршител Љ.Д
48. Службена белешка од Извршител Љ.Д
49. Доставница од заклучок И.бр,141/2012 до адвокат К.Бод ден 17.08.2012 година
50. Полномошно за Адвокат К.Б
51. Заклучок од член 28 став 2 од ЗИ, И.бр 141/2012 од ден 26.06.2012 од извршител Љ.Д
52. Приговор од довертител ППНИ бр.80/12 од ден 21.08.2012
53. Одговор на приговор И.бр.141/2012 И.бр. 243/2012 од ден 24.08.2012 од извршител Љ.Д
54. Барање од член 205 став 1 од ЗИ од ден 16.08.2012 година И.бр 141 /2012 од Извршител Љ.Д
55. Враќање на налог за извршување од Халк Банка од 27.08.2012 година
56. Барање од член 205 став 1 од ЗИ од ден 16.08.2012 година И.бр.141/2012 од Извршител Љ.Д
57. Налог од член 137 став и и став 2 од ЗИ од ден 27.04.2012 година И.бр.141/2012 од Извршител Љ.Д
58. Поднесок И.бр.141/12 од полномошник К.Б
59. Службена белешка од ден 16.08.2012 година од Извршител Љ.Д
60. Решение Пр.бр.156/12 од КИРМ од ден 28.11.2012 година
61. Доставница од Барање И.бр.141/2012 до Адвокар К.Бод 29.08.2012 година
62. Повратница од Налог,И.бр.141/2012 од 12.03.2012 година
63. Повратница од Налог,И.бр.141/2012 на В.Дод 30.04.2012 година
64. Доставница од Налог, И.бр. 141/2012 на Халк Банка од 22.06.2012 година
65. Доставница од Налог И.бр.141/2012 до В.Дод 22.06.2012 година
66. Доставница од Налог И.бр. 141/2012 до Адвокат К.Бод 15.03.2012 година
67. Доставница од Налог И.бр. 141/2012 до Адвокат К.Бод 02.05.2012 година
68. Доставница Заклучок И.бр. 141/2012 до Адвокат К.Бод 09.08.2012 година( не е извршена достава)
69. Доставница Заклучок И.бр.141/2012 до Адвокат К.Бод 04.07.2012 година( не е извршена достава)
70. Доставница Заклучок за запирање И.бр.141/2012 до В.Дод 04.07.2012
71. Повратница од Барање И.бр.141/2012 до Халк банка од 24.08.2012 година
72. Доставница од Барање И.бр. 141/2012 В.Дод 03.09.2012 година
73. Фактура бр.141/12 од 11.05.2012 година од Извршител Љ.Д
74. Договор за превземање на долг од ден 13.07.2012 година

75. Изјава за пребивање на тројна компензација од ден 03.09.2012.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Доверителот, преку својот полномошник К.Б, адвокат од С, до извршителот доставил барање за извршување И.бр.141/12 од 01.03.2012 година, засновано на извршна исправа - Судско порамнување ПЛ.ТС-1-114/11 од 01.12.2011 година на Основниот суд во С. Врз основа на наведената извршна исправа доверителот побарал од извршителот да преземе соодветни извршни дејствија и од должникот В.Дод С, да наплати парично побарување во вредност од 164.313,оо како главен долг со камата од 03.06.2011 година до конечна исплата, како и процесни трошоци во вкупен износ 16.293,оо денари со камата од 01.12.2011 година до конечна исплата.

Барање за извршување до извршителот Љ.Ддоверителот ДПТУУТ „Л К" ДООЕЛ од с.Колешино преку својот полномошник А.М, адвокат од С поднел и на ден 15.03.2012 година. Извршителот го завел барањето во Уписникот за примени барања за извршување под И.бр.174/12. Со наведеното барање доверителот, повикувајќи се на извршната исправа - Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР.бр.139/12 од 21.02.2012 година на нотарот Ј.М од С, побарал од извршителот да спроведе извршување спрема должникот ДЗПТ "Ј П ДООЕЛ с. Моноспитово и да го наплати пристигнатото парично побарување во вредност од 212.630,оо денари како главен долг, со казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие зголемена за 10%, како и трошоци во постапка пред нотар во износ од 14.061,00 денари сметано од 21.02.2012 година до конечна исплата.

На ден 12.04.2012 година извршителот примил барање за извршување од доверителот ДПТУУТ „Л Р" ДООЕЛ од с.Колешино, и истото го завел под И.бр.243/12. 1Сон барањето за извршување доверителот ја приложил и извршната исправа - Судското порамнување ПЛ.ТС-1-114/11 од 01.12.2011 година на Основниот суд во С, врз основа на која побарал од извршителот да преземе соодветни извршни дејствија и од должникот В.Дод С и да ја наплати пристигнатата четврта рата од Судското порамнување, во износ од 54.771,00 денари со камата од 03.06.2011 година до конечна исплата.

Постапувајќи по наведените барања за извршување на доверителот ДПТУУТ „Л Р" ДООЕЛ од с.Колешино засновани на извршните исправи, извршителот По предметот И.бр.141/12, на денот на приемот на барањето за извршување (01.03.2012 година) издал Налог за извршување И.бр.141/12 (врз основа на член 86 од Законот за извршување), со кој што му наложил на должникот В.Дво рок од 3 дена по приемот на налогот да му ги исплати на извршителот, во име и за сметка на доверителот, парични средства во износ од 164.313,00 денари на име главен долг со казнена камата зголемена за 8% согласно ЗОО сметано од 03.06.2011 година до денот на конечна исплата, износ од 16.293,00 денари на име трошоци на постапка со

казнена камата зголемена за 8% согласно ЗОО сметано од 01.12.2011 година до денот на конечна исплата, како и трошоци на извршување кои на денот на издавањето на налогот изнесувале 29.397,00 денари со пресметан ДДВ од 18%. Извршителот налогот го доставил до должникот на ден 12.03.2012 година, а до полномошникот на доверителот на ден 15.03.2012 година.

На ден 26.04.2012 извршителот изготвил Барање за податоци и информации И.бр.141/12 (врз основа на член 41 став 1 од Законот за извршување), со кое што за потребите на извршувањето од клириншката куќа КИБС АД Скопје побарал податоци за трансакциските сметки на должникот. По добивањето на бараните податоци, извршителот на ден 27.04.2012 година издал Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.141/12 (врз основа на член 137 ставови 1 и 2 од Законот за извршување) со кој што на банката кај која должникот има трансакциска сметка и се наложува паричниот износ од 32.448,00 денари да го исплати на сметката на извршителот, а на должникот му се забранува да врши наплата на ова побарување или со него да располага. Наведениот налог извршителот го доставил до банката на ден 30.04.2012 година. Примерок од налогот е доставен и до полномошникот на доверителот (на ден 02.05.2012 година) и до должникот (на ден 22.06.2012 година).
На ден 11.05.2011 година извршителот издал Фактура за платени извршни трошоци и цена за администрирање настанати по предметот И.бр.141/12 во вкупен износ од 7.000,оо денари.

Со писмен поднесок од 26.06.2012 година, доверителот преку својот полномошник го повлекол барањето за извршување И.бр.141/12 од 01.03.2012 година. Истиот ден кога го примил Барањето за повлекување на барањето за извршување, извршителот врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување донел Заклучок со кој што го запрел извршувањето спрема должникот В.Дод С. Заклучокот е доставен до должникот на ден 04.07.2012 година. Извршителот на два пати и тоа на ден 04.07.2012 година и на ден 09.08.2012 година направил обид да го достави Заклучокот и до адвокатот К.Б од С, меѓутоа доставата била неуспешна од причина што адвокатската канцеларија била заклучена.

Видно од Службената белешка составена од страна извршителот, а потпишана од страна на извршителот и од страна на полномошникот на доверителот адвокатот од С К.Б, извршителот на ден 16.08.2012 година ја предал извршната исправа (Судско порамнување ПЈ1.ТС- 1-114/11 од 01.12.2011 година на Основниот суд во С) на полномошникот на доверителот.
На ден 16.08.2012 година извршителот изготвил и Барање за застанување со извршување (врз основа на член 205 од Законот за извршување) со кое што од банката кај која должникот има трансакциска сметка и до која банка извршителот го доставил Налогот за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.141/12 од 27.04.2012 година, побарал да застане со извршувањето, на начин што понатаму нема да врши издвојување на парични средства од сметката на должникот. Наведеното барање извршителот го доставил до банката на ден 24.08.2012 година, а барањето за застанување со извршување извршителот го доставил и до полномошникот на доверителот на ден 29.08.2012 година и до должникот на ден 03.09.2012 година. Со писмен допис од 27.08.2012 година, банката го вратила назад на извршителот Налогот за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.141/12 од 27.04.2012 година, со што била и деблокирана сметката на должникот.

По предметот И.бр.174/12, извршителот откако го примил барањето за извршување, на ден 16.03.2012 година издал Налог за извршување од сметка на должник И.бр.174/12 (по член 202 од Законот за извршување) со кој што му наложил на носителот на платниот промет кај кој должникот ДЗПТ "Ј П" ДООЕЛ од с. Моноспитово има сметка, од сметката на должникот на сметката на извршителот, во име и за сметка на доверителот ДПТУУТ „Л Р" ДООЕЛ од с.Колешино, да пренесе парични средства во износи наведени во самиот налог. Наведениот налог извршителот го доставил до носителот на платниот промет на ден 21.03.2012 година. Примерок од налогот е доставен и до полномошникот на доверителот на ден 21.03.2012 година и до должникот на ден 24.03.2012 година.

Извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 86 од Законот за извршување) И.бр.174/12 од 07.06.2012 година, со кој што му се наложува на должникот во рок од 3 дена по приемот на налогот да му ги исплати на извршителот, во име и за сметка на доверителот, паричните средства определени во самиот налог. Налогот извршителот го доставил до должникот на ден 12.06.2012 година, а до полномошникот на доверителот на ден 13.06.2012 година.

На ден 26.06.2012 година извршителот примил писмен поднесок со кој што доверителот преку својот полномошник го повлекува барањето за извршување заведено под И.бр.174/12 од 15.03.2012 година. Истиот денизвршителот донел Заклучок за запирање на извршување И.бр.174/12 (врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување) со кој што се запира извршувањето спрема должникот ДЗПТ "Ј П" ДООЕЛ од с. Моноспитово. Видно од доставниците приложени во списите на предметот, откако претходно на ден 04.07.2012 година и на ден 09.08.2012 година се обидел да изврши уредна достава, наведениот Заклучок извршителот го доставил до полномошникот на доверителот на ден 17.08.2012 година. До должникот Заклучокот е доставен на ден 23.08.2012 година.

На ден 16.08.2012 година извршителот ја предал извршната исправа (Судско порамнување ПЛ.ТС-1-114/11 од 01.12.2011 година на Основниот суд во С) на полномошникот на доверителот, адвокатот од С А.М, видно од Службената белешка составена од страна извршителот, а потпишана од страна на извршителот и од страна на полномошникот на доверителот.

На ден 16.08.2012 година извршителот изготвил и Барање за застанување со извршување (врз основа на член 205 од Законот за извршување) со кое што од банката, кај која должникот има трансакциска сметка и до која банка бил и доставен Налогот за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.174/12 од 16.03.2012 година, побарал да застане со извршувањето, на начин шго понатаму нема да врши издвојување на парични средства од сметката на должникот. Барањето за застанување на извршувањето извршителот го доставил до банката на ден 27.08.2012 година, а примерок од истото доставил и до полномошникот на доверителот на ден 29.08.2012 година

По предметот И.бр.243/12, на ден 12.04.2012 година извршителот издал Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.243/12 (по член 137 ставови 1 и 2 од Законот за извршување) со кој што на банката кај која должникот има трансакциска сметка и се наложува паричниот износ определен во налогот да го исплати на сметката на извршителот, а на должникот му се забранува да врши наплата на ова побарување или со него да располага. Наведениот налог е доставен

до банката и до полномошникот на доверителот на ден 02.05.2012 година, а до должникот на ден 22.06.2012 година, видно од доставниците кои што се приложени во списите на предметот.

На ден 26.06.2012 година извршителот донел Заклучок за запирање на извршување И.бр.243/12 (врз основа на член 28 став 2 од Законот за извршување) со кој што го запрел извршувањето спрема должникот В.Дод С, од причини што полномошникот на доверителот со писмен поднесок 26.08.2012 година побарал повлекување на барањето за извршување. Заклучокот е доставен до должникот на ден 04.07.2012 година, а до полномошникот на доверителот на ден 17.08.2012 година. Видно од Службената белешка составена од страна извршителот, а потпишана од страна на извршителот и од страна на полномошникот на доверителот адвокатот од С К.Б, извршителот на ден 16.08.2012 година ја предал извршната исправа (Судско порамнување ПЛ.ТС- 1-114/11 од 01.12.2011 година на Основниот суд во С) на полномошникот на доверителот.

На ден 16.08.2012 година, извршителот повикувајќи се на член 205 од Законот за извршување, изготвил и Барање за застанување со извршување, со кое што од носителот на платниот промет кај кој должникот има трансакциска сметка побарал да застане со извршувањето на Налогот за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.243/12 од 27.04.2012 година, на начин што понатаму нема да врши издвојување на парични средства од сметката на должникот. Видно од доставница, барањето извршителот го доставил до носителот на платниот промет кај кој должникот има трансакциска сметка на ден 27.08.2012 година.

Примероци од Барањето извршителот доставил и до полномошникот на доверителот на ден 29.08.2012 година, како и до должникот на ден 03.09.2012 година.

Доверителот ДПТУУТ „Л Р" ДООЕЛ од с.Колешино, сметајќи дека извршителот при спроведувањето на извршувањето по извршни предмети И.бр.141/12 и И.бр.243/12 сторил неправилности, поднел приговор кој Претседателот на Основниот суд во С на ден 27.08.2012 година со Решение ППНИ.бр.80/12 го отфрлил како беспредметен.

Дисциплинската комисија при одлучување ги ценеше наводите дадени во одговор на предлогот од страна на извршителот на околноста дека нема законски рок во кој извршителот е обврзан да го достави актот до носител на платен промет, но истото не влијаеше за поинакво одлучување. Имено, во конкретниот случај законодавецот кога утврдил дека доверителот може во секое време да го повлече барањето за извршување кое не зависи ниту од вољата на должникот ниту од вољата на извршителот, извршителот е должен и има обврска во што е можно пократок рок да го запре извршувањето. Уште повеќе што во ваков случај заклучокот за запирање е должен во најкраток можен рок да го достави до носителот на платен промет како не би настанале штетни последици од реализирање на налогот за извршување, а по повлечено барање за извршување.

Дисциплинската комисија е на став и дека извршителот превземал дејствија кои не се предвидени со Законот за извршување постапувајќи во предметите И.бр. 141/12, И.бр.174/12 и И.бр.243/12. Имено, извршителот имал примено барање за повлекување на барањето за извршување од страна на доверителот на 26.06.2012 година, извршителот по член 28 ст. 2 од ЗИ бил должен да донесе Заклучок за запирање на извршување ( обр.3) . Извршителот спротивно на закон донел два акта, односно на 26.06.2012 донел

заклучок за запирање на извршување во сите три предмети И.бр. 141/12, И.бр.174/12 и И.бр.243/12. Подоцна, извршителот по истото барање за повлекување на барањето за извршување донел и барања за застанување на ден 16.08.2012 година. Постапувајќи на ваков начин извршителот донел два различни акти односно донел барања за застанување со извршување по сите три предмети по чл.205 став 1 од ЗИ. Во конкретниот случај ,Дисциплинската комисија е на став дека извршителот превземал дејствија кои се спротивни на овој закон во смисла на чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ бидејќи кога доверителот го повлекува барањето се применува член 28 бидејќи овој институт е посебен институт кој што овозможува доверителот да може повторно да поднесе барање за извршување и во таков случај доаѓа до запирање на извршувањето. Со донесувањето на двата акта, односно барањето со застанување на извршување постапил спротивно на закон и создава дополнителни трошоци на странта на должникот. И покрај донесување на двата акта извршителот по протекот на подолг период доставил барање за застанување на извршување до банката кај која должникот имал трансакциска сметка дури по протек на подолг период на 24.08.2012 година по И.бр. 141/12, а на 27.08.2012 по предмет И.бр. 174/12 и И.бр. 243/12, Заклучокот за спи9рање на извршувањето по чл.28 од ЗИ воопшто не бил доставен до носителот на платен промет со што постапувал спротивно на законот бидејќи различни се правните последи од запирање на извршување и заспирање на извршување по чл.205 од ЗИ, со кои дејствија извршителот Љ.Дод С го сторила битието на делото за кое се товари по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон".

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда :"при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон" од чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување Дисциплинската комисија го огласи за виновен извршител Љ.Дод С за сторени повреди па со примена на правилата за вонредно ублажување на казната за истото му изрече парична казна.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се особено олеснителната околност дека со ваквото постапување на извршителот не настанале несакани последици за странките од причина што во периодот во кој не било доставен заклучокот за запирање на извршувањето, односно барањето за застанување со извршување до носител на платен промет бидејќи не дошло до реализација на налогот на извршителот од страна на банката, а како отежнителна околност тоа што извршителот е со долгогодишно работно искуство како извршител па истиот бил должен да знае дека со поднесување на барање за повлекување на извршување од доверителот основно е доколку има налози во банка, банката како носител на платен промет која го спроведува налогот да биде известена дека се запира, односно се застанува со извршување и дека понатаму не смее да издвојува парични средства од трансакциската сметка на должникот, уште повеќе што извршителот тоа го сторил по протекот на два месеци откако е повлечено барањето за извршување, а го донел заклучокот за застанување на 16.08.2012 година. Комисијата го ценеше наводот на извршителот дека се работело за годишни одмори но истите не ги прифати како оправдана причина затоа што канцеларијата на извршителот работи непречено уште повеќе што извршителот има и свој заменик со исти овластувања како и извршителот. Имајќи го во предвид погоре

наведеното и имајќи ги предвид сите олеснителни и отежнителни околности во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Закон за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/0950/10, 83/10, 88/10 и 171/10,148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетата извршителка Љ.Дод С да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија на КИРМ**

**Претседател**

Снежана Фитеска

-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител Љ.Дод С
Архива